**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-215
25.04. **2019 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 64 став 1 од истиот Закон, точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзорбр.10-2321/1 од 19.04.2019 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради употреба на јазикот спротивно на член 64 од истиот Закон, од страна на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 – М ДООЕЛ Скопје, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 19-та седница одржана на 24.04.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-2367/8 од 24.04.2019 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 - М ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а казнива по член 147 став 1 точка 14 и став 2 од истиот Закон, на начин што на телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 - М ДООЕЛ Скопје, на 15-ти, 16-ти и 17-ти април 2019 година, во рамки на две изданија на емисијата „КЛИК ПЛУС", репризирани по двапати, во текот на истиот, односно наредниот ден, и тоа:

- на 15.04.2019 година, во рамки на премиерното издание на емисијата „КЛИК ПЛУС", емитувана во периодот од 21:36:51 часот до 22:51:16 часот;
- на 16.04.2019 година, во рамки на репризните изданија на емисијата „КЛИК ПЛУС", емитувани во периодот од 01:30:52 часот до 02:45:12 часот, од 12:10:43 часот до 13:25:06 часот и во премиерното издание емитувано во периодот од 21:30:30 часот до 22:49:02 часот; и
- на 17.04.2019 година, во рамки на репризните изданија на емисијата „КЛИК ПЛУС", емитувани во периодот од 01:39:33 часот до 02:58:03 часот и во периодот од 12:13:17 часот до 13:31:46 часот,

говорот на водителот на емисијата, Фатмир Алиу е емитуван изворно на српски јазик, без превод на албански или на македонски јазик.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по датум на емитување, наслов, период на емитување (почеток и крај) и опис во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-2321/1 од 19.04.2019 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 - М ДООЕЛ Скопје во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 19 април 2019 година, изврши вонреден надзор по службена должност врз телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 - М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 15-ти, 16-ти и 17-ти април 2019 година, на државно ниво, при што констатираше прекршување на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е пропишано дека радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедницата која не е мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница.

Со надзорот констатирано е дека на телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 - М ДООЕЛ Скопје, на 15-ти, 16-ти и 17-ти април 2019 година, во рамки на две изданија на емисијата „КЛИК ПЛУС“, репризирани по двапати, во текот на истиот, односно наредниот ден, и тоа: на 15.04.2019 година, во рамки на премиерното издание на емисијата „КЛИК ПЛУС“, емитувана во периодот од 21:36:51 часот до 22:51:16 часот; на 16.04.2019 година, во рамки на репризните изданија на емисијата „КЛИК ПЛУС“, емитувани во периодот од 01:30:52 часот до 02:45:12 часот, од 12:10:43 часот до 13:25:06 часот и во премиерното издание емитувано во периодот од 21:30:30 часот до 22:49:02 часот; и на 17.04.2019 година, во рамки на репризните изданија на емисијата „КЛИК ПЛУС“, емитувани во периодот од 01:39:33 часот до 02:58:03 часот и во периодот од 12:13:17 часот до 13:31:46 часот, говорот на водителот на емисијата, Фатмир Алиу е емитуван изворно на српски јазик, без превод на албански или на македонски јазик. Имено, според дозволата за телевизиско емитување бр.08-737 од 14.04.2015 година, Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 - М ДООЕЛ Скопје, треба да ја емитува програмата на албански и на македонски јазик.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по датум на емитување, наслов, период на емитување (почеток и крај) и опис во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-2321/1 од 19.04.2019 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 -М ДООЕЛ Скопје на 19.04.2019 година, испрати допис – Доставување писмен извештај од надзор за изјаснување Уп1 бр.03-215 од 19.04.2019 година, со кој му го достави Писмениот извештај за

извршен програмски надзор, бр.10-2321/1 од 19.04.2019 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. На 22.04.2019 година, Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 - М ДООЕЛ Скопје, достави Писмено изјаснување бр.0307/428 од 22.04.2019 година (Уп1 бр.03-215 од 22.04.2019 година). Советот на Агенцијата на 19-та седница одржана на 24.04.2019 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и доставеното писмено изјаснување при што заклучи на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 -М ДООЕЛ Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), во врска со член 64 став 1 од истиот Закон и точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 19-та седница одржана на 24.04.2019 година согласно Заклучокот бр.02-2367/8 од 24.04.2019 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 -М ДООЕЛ Скопје и му се наложува, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-2321/1 од 19.04.2019 година.

**Доставено до:**

- Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 - М ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 - М ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 - М ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 19.04.2019

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 2321 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден, по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 15, 16 и 17 април 2019 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 19 април 2019 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите)

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 15, 16 и 17 април 2019 година, на државно ниво, **е констатирано прекршување на член 64 став 1** од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница).

Со надзорот е констатирано дека на 15, 16 и 17 април 2019 година, на телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, во рамки на две изданија на емисијата „КЛИК ПЛУС" говорот на водителот на емисијата, Фатмир Алиу е емитуван изворно на српски јазик, без превод на албански или на македонски јазик. Двете емисии се репризирани по двапати, во текот на истиот односно наредниот ден. Инаку, според дозволата за телевизиско емитување бр.08-737 од 14.04.2015 година, програмскиот сервис ТВ 21-М, треба да ја емитува програмата на албански и на македонски јазик.

**15.04.2019 г.**

| Наслов | Период на емитување | | Опис |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| „КЛИК ПЛУС" (премиера) | 21:36:51 | 22:51:16 | Говорот на водителот на емисијата, Фатмир Алиу е емитуван изворно на српски јазик, без превод на албански или македонски јазик. |

**16.04.2019 г.**

| Наслов | Период на емитување | | Опис |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| „КЛИК ПЛУС" (реприза) | 01:30:52 | 02:45:12 | Говорот на водителот на емисијата, Фатмир Алиу е емитуван изворно на српски јазик, без превод на албански или македонски јазик. |
| „КЛИК ПЛУС" (реприза) | 12:10:43 | 13:25:06 | |
| „КЛИК ПЛУС" (премиера) | 21:30:30 | 22:49:02 | |

**17.04.2019 г.**

| Наслов | Период на емитување | | Опис |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| „КЛИК ПЛУС" (реприза) | 01:39:33 | 02:58:03 | Говорот на водителот на емисијата, Фатмир Алиу е емитуван изворно на српски јазик, без превод на албански или македонски јазик. |
| „КЛИК ПЛУС" (реприза) | 12:13:17 | 13:31:46 | |

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 64 став 1 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на програмскиот сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, на 15, 16 и 17 април 2019 година, во рамки на две изданија на емисијата „КЛИК ПЛУС", репризирани по двапати, во текот на истиот, односно наредниот ден, говорот на водителот на емисијата, Фатмир Алиу е емитуван изворно на српски јазик, без превод на албански или на македонски јазик.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје и во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***